## *Препораки за корисниците*



1. Внимавајте! Размислете добро пред да ги објавите своите лични податоци (особено името и презимето, адресата и телефонскиот број) на порталите за забава и дружење.

2. Размислете два пати дали ќе го користите вистинското име или ќе употребите псевдоним.

3. Почитувајте ја приватноста на другите. Бидете особено внимателни со објавувањето на лични податоци или информации кои се однесуваат на друго лице (како и фотографии или линкови до фотографии) без негова согласност.

4. Информирајте се! Кој управува со сервисот кој го користите? Под надлежност на која земја спаѓа? Дали во земјата постои орган за заштита на личните податоци до кој може да се обратите во случај на злоупотреба на Вашите лични податоци? Дали Ви се понудени опции за заштита на Вашите лични податоци?

5. Користете ги сите достапни поставки (settings) за уредување на политиката на приватност на веб страницата. Ограничениот пристап до Вашиот профил треба да Ви биде понуден, особено кога станува збор за опцијата за пребарување.

6. Користете различни податоци за идентификација на интернет. Корисничките имиња и лозинки е пожелно да бидат различни на различни веб страници.

7. Користете ги сите можности за контрола над начинот на кој што провајдерот ги користи или пренесува Вашите податоци. (на пример, користете ги opt-out опциите за директен маркетинг).

8. Внимавајте на тоа како Вашите деца го користат интернетот особено кога станува збор за портали за забава и дружење.